Постапувајќи согласно одредбите во рамките на проектот „Граѓански активизам за остварување на циркуларна економија во управувањето со органски отпад“ кој се спроведува од Центар за ресурси во животната средина (РЕЦ), во партнерство со Еко Логик и ЦЕД Флорозон-Скопје, со поддршка од Владата на Швајцарија преку програмата Цивика мобилитас се објавува:

**ПОВИК ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ ЗА ПРОДУКЦИСКА КУЌА ЗА ИЗРАБОТКА НА ВИДЕА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ДИГИТАЛНА КАМПАЊА**

Општата цел на проектот *„Граѓански активизам за остварување на циркуларна економија во управувањето со органски отпад“* спроведуван од Центар за ресурси во животна средина (РЕЦ) – Северна Македонија во партнерство со Еко Логик и Флорозон Центар за еколошка демократија е стекнување на практични знаења за одржливо управување со органски отпад од страна на ученици од училиштата во Општина Карпош, Кисела Вода и Ѓорче Петров, како и од страна на пошироката јавност од Скопскиот плански регион, со цел постигнување на *циркуларна економија* и остварување на придобивки за одржлив развој. Постигнување на циркуларна економија се остварува преку одржливо управување со органски отпад со стекнување на практични знаења, коишто придонесуваат за остварување на одржлив развој. Целни групи на проектот се учениците и наставниците по природни науки од основните училишта  и граѓаните на Скопскиот плански регион. За да се постигне целта на проектот, преку проектните активности ќе се запознаат учениците од 7-9 одделение од Општинските основни училишта (ООУ) во скопскиот регион, со потенцијалот од искористување на отпадот како суровина, преку демонстрирање на практични техники во Био-технолошка лабораторија а граѓаните преку промотивна дигитална кампања со едукативно-информативни содржини ќе се учат за придобивките и начините за искористувањето на потенцијалот на органскиот отпад. Понатаму ќе се поттикне граѓански активизам во корист на одржливото управување со отпад и придонес кон спречување органски отпад да заврши на депонија, преку негова преработка со воспоставување на систем за селекција на органскиот отпад во одредени пилот згради и зелените пазари. Проектот е подржан од владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас и започна со спроведување во месец јуни 2024 година и ќе трае до октовмври 2026 година.

1. **<u>Предмет на договорот за услуги</u>**

Предмет на договорот е избор на физичко или правно лице за подготовка на медиа план, визуелен идентитет за дигитална едукативно-информативна кампања за придобивките и начините за искористување на органскиот отпад.
Дигиталните активности треба да таргетираат повисок опфат реализирани со промотивна кампања за подигнување на јавна свест за штетните влијанија од неконтролираното постапување со органската компонента на отпадот од домаќинства и придобивките од искористувањето на био-отпадот, со примена на дигитални алатки, социјални мрежи и други е-канали.
Дигиталната кампања ќе содржи промоција на едукативно-информативни содржини во форма на: прирачници, инфо-графици, адаптирани достапни видео записи, кратки видео промотивни и дигитални прилози, статии или интервјуа на социјалните и дигиталните медиуми.

## 2. <u>Опсег на услугата</u>

- Снимање на видео материјал на различни локации.
- Постпродукција и подготовка на 2 подолги и 2 пократки видеа.
- Вметнување на титлови во видеата.
- Одржување консултативни состаноци со назначено лице од проектниот тим.
- Подготовка на краток завршен наративен извештај.

Индикативна временска рамка на спроведување на дигиталната кампања: јули 2025 – август 2026
Предмет на проектната задача е подготовка на четири одделни видеа, односно:

1. <u>**две подолги видеа** (до макс. 5 минути)</u> едно видео снимено со интервјуа од експерти, наставници и ученици и едно видео снимено на 4 локации (во 3 основни училишта во скопскиот регион и во Биотехнолошката лабораторија во ССУ Марија Кири Склодовска;
2. <u>**две куси видеа** (со времетраење од 2 минути до 3 минути)</u> кои можат да бидат покуса варијанта на подолгите видеа но и да содржат материјал од веќе снимениот материјал снимен на 4те локации;
3. <u>**Ставање на титлови во видеата.**</u>

3. <u>Содржина на понудите и квалификации за учество:</u>

Понудите, целата кореспонденција и документите поврзани со постапката кои ги разменуваат понудувачот и Нарачателот се пишуваат на македонски јазик со користење на кирилично писмо.

**Елементи на понудата кои треба да бидат доставени се:**

- Финансиска понуда во вкупен износ без ДДВ за правни лица/ за физички лица вкупен бруто износ со вклучен персонален данок;
- Портфолио за правни лица/ Кратка биографија за физичко лице.

**Потребни квалификации:**

Право на учество имаат сите што ги исполнуваат следните критериуми:
А. Искуство на понудувачот – минати активности; и опрема од значење за задачата:

- Релевантност за области во коишто понудувачот ги обезбедува своите услуги (список на извршени задачи во последните 3 години);
- Докажано искуство во извршување на слични задачи / активности / програми (во последните 3 години);
- Објекти и опрема што се релевантни за задачата (на пр. дрон, камера, диктафони, итн.)

Предност се дава на видеопродукциски студија со:

- минимум 5 год. од основање
- минимум 3 години работно искуство со Невладини организации и работа на проекти

Секое физичко или правно лице може да учествува само со една понуда.

4.Начин на поднесување на понуди

Понудите мораат да се поднесат најдоцна до **25.10.2025** година до **16 часот** на следниве електронски адреси: tradovanovikj@rec.org.mk и mdamjanovic@rec.org.mk со назнака: „Понуда за снимање на видеа со продукциска куќа“.

Понудата која е поднесена по истекот на крајниот рок за поднесување на понудите нема да се разгледува.

5. Право на учество

Право да достави понуда има секое заинтересирано физичко и домашно правно лице-понудувач.

6. Цена на понудата

Цената на понудата се пишува со бројки и букви.

„Проектот е поддржан од владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас“

7. Валута на понудите

Цената на понудата се изразува во денари без вклучен данок на додадена вредност за правни лица. Проектот е ослободен од данок на додадена вредност.
За физички лица понудената цена на понудата треба да биде изразена во бруто износ.

8. Критериуми за доделување на договор

8.1 Критериуми за доделување на договорот за услуги за промотивна кампања на социјалните медиуми се:

- Искуство : 30 бодови
- портфолио на Организација/физичко лице : 30 бодови
- Финансиска понуда: цена 40 бодови

Вкупна оценка: 100 бодови

Нарачателите го задржуваат правото да ја прифатат или одбијат било која понуда.

9. Потпишување на договорот

По завршување на изборот за најповолен понудувач, сите понудувачи во постапката ќе бидат известени за одлуката за прифаќање/одбивање на доставената понуда во рок од 10 работни дена. Известувањето е од информативен карактер и не предизвикува правни последици. Апликантите имаат право на приговор во рок од 5 дена.
Нарачателот го задржува правото да побара дополнителни документи од понудувачот. Најуспешниот понудувач ќе биде поканет да склучи договор за извршување на бараните услуги.

Содржината на овој повик е единствена одговорност на (Центар за ресурси во животна средина (РЕЦ) – Северна Македонија, Еко Логик и Флорозон Центар за еколошка демократија) и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Владата на Швајцарија, Цивика мобилитас или организациите што ја спроведуваат.

**Скопје,**
**20.10.2025**

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

„Проектот е поддржан од владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас“